Macedonian | Македонски

# Diabetes CONNECT

## Што е Diabetes Connect?

Diabetes Connect е нова програма која ги поддржува луѓето кои живеат со дијабетес тип 2 да го контролираат нивното здравје и благосостојба. Се доставува од одредени здравствени служби во заедницата низ градските и регионалните подрачја на Викторија.

## Што ќе добијам јас од програмата?

- Ќе работите со координатор за нега за да утврдите каква поддршка и услуги ви се потребни за да го контролирате вашето здравје и благосостојба.
- Некои од услугите што може да ги добиете се:

**Од придружното здравство (allied health), како што се:**

- Подучување за дијабетес
- Подијатрија (нега на стапалата)
- Диететика (исхрана)
- Физиотерапија

**Услуги во заедницата, како што се:**

- социјална, правна и станбена поддршка
- помош за храна
- услуги за социјална грижа, вклучително и услуги за ментално здравје, зависност (од дрога, алкохол) и поддршка за лица со попреченост
- социјална поддршка која гради поврзаност со заедницата

- Координаторот за нега ќе ви помогне да закажете термини и ќе ве поддржува да ги подобрите вашето знаење и вештини за да го контролирате вашето здравје и благосостојба по програмата.
- Координаторот за нега ќе соработува тесно со вашиот општ лекар (GP), кој ќе продолжите да го посетувате за клиничка нега.
- Услугите се достапни лице в лице или од далечина преку „telehealth“.

Australian Government

VICTORIA State Government | Department of Health

## Цена и времетраење

Diabetes Connect е **бесплатна** програма, без трошоци за учесниците.*

Програмата ќе трае до јуни 2025 година, но колку време ќе останете во програмата ќе зависи од вашите индивидуални околности.

*Програмата Diabetes Connect е финансирана од Владата на Комонвелтот, како дел од иницијативата „Primary Care Pilots“.

Податоците од кои не може да бидете идентификувани за вашето учество во пилот програмата ќе бидат споделени со Министерството за здравство на Викторија и Владата на Комонвелтот за целите на следење и известување.

За да го добиете овој документ во друг формат пратете имејл до тимот на проектот Diabetes Connect <partnerships.primary@health.vic.gov.au>.

Authorised and published by the Victorian Government, 1 Treasury Place, Melbourne.
© State of Victoria, Australia, Department of Health, March 2024.
ISBN/ISSN 978-1-76131-554-1 (online/PDF/Word) or (print)
Достапно на Министерство за здравство - Интегрирана нега
<https://www.health.vic.gov.au/primary-and-community-health/integrated-care>

Australian Government

VICTORIA State Government | Department of Health